ХРИСТО АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ, претседател на Факултетскиот совет и на Организациониот одбор

# РЕЧ НА ОТВАРАЊЕТО НА НАУЧНИОТ СОБИР „МАРКС И НАШАТА СОВРЕМЕНОСТ“, СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, 14 МАРТ 1983 ГОДИНА

НА ДЕНЕШЕН ДЕН — 14 МАРТ, пред сто години, почина Карл Маркс, големиот основач на научниот социјализам, гигантот на мислата на деветнаесеттото столетие, организаторот и водачот на меѓународното работничко движење.

Овој ден, пролетаријатот од целиот свет си го спомнува како величествен Марксов ден, како ден за човекот кој беше работнички првоборец, идеолог и предводник на пролетаријатот; — за корифејот, чиешто епохално дело означи превосходен и извонреден пресврт во историјата на светот, во развојот на човековата мисла; — за благородниот хуманист и револуционер, чијашто светла и маркантна фигура остави неизбришлив белег и борбен патоказ врз прогресивните генерации и за визионерот кој ја трасираше и ја навестуваше светлата утрешнина на човештвото.

Годината на смртта на Карл Маркс: 1883, беше релативно мирна во светски размери. Тоа е времето кога се поставија основите во создавањето на империјалистичките сојузи, кога продолжуваше експанзијата на империјализмот, кога се развиваа колонијалните војни, кога се зголемуваше милитаристичкото соперништво помеѓу империјалистичките држави за разделба на светот.

Во татковината на Маркс: Германија, продолжуваше реакционерното владеење на Бизмарк, кој станувашe ожесточен непријател на работничката класа.

Во Англија, каде што Маркс, го поминал најголемиот дел од својот макотрпен живот, продолжуваше растежот на империјалистичката сила на Британската империја, каде што народите се бореа за своето национално и социјално ослободување.

Меѓународното работничко движење во тоа време се карактеризираше со нови и специфични раздвижувања. Уште пред распуштањето на Интернационалата (јули 1876 година) за-

почнуваше да се активизира меѓународното работничко движење во сосема нови релации. Тоа е создавањето на работничките и социјалистичките партии, како сосема нов феномен во историјата на работничкото движење.

Во тоа време Карл Маркс веќе ја завршуваше претходната редакција од вториот том на „Капиталот“ и собираше нови податоци за овој и за третиот том. Меѓутоа, тешката состојба на неговото здравје не му создаваше поволни можности да го заврши овој свој класичен, капитален труд. Болеста и ситуацијата во семејството ја влошуваше неговата здравствена состојба. Смртта на жена му — саканата Џени, на 2 декември 1881 година, преставуваше прв чекор за неговото „тивко умирање“, како што велеше неговиот прв биограф Франц Меринг. Но, овој „снажен човек“ и покрај таа „мрачна возвишеност“ (Ф. Меринг) храбро успеваше да му пркоси на времето, даваше сè уште нови перспективи. Сепак, престојот во Алжир, јужна Франција, Швајцарија и Јужна Америка, не придонесуваше за подобрување на неговото веќе нарушено здравје. Новиот удар што го погодил силно Маркса, настанал со изненадната смрт на неговата постара ќерка — Џени Лонге, на 11 јануари 1883 година.

Во февруари 1883 година настапило поголемо и критичко влошување на Марксовото здравје. Новите компликации довеле до неговото „благо и безболно умирање“, како што велат неговите современици.

На 14 март 1883 година околу три часот попладне починал Карл Маркс, на 65 години од животот.

На 17 март, саботен ден, на Хајгејтските гробиште, во северен Лондон, го погребале Карл Маркс, без церемонии, тивко и достоинствено, каков што бил неговиот целокупен благороден и револуционерен живот.

Тоа беше неизмерна загуба за пролетаријатот од целиот свет, за науката, за прогресот. Човештвото остана без својот великан. Но, тој беше, оплакуван, сакан и почитуван од милиони работници, и како што рекол Енгелс: од сибирските рудници до Калифорнија.

Сосема природно беше, последниот поздрав и почит, да му го оддаде Фридрих Енгелс, неговиот најблизок, најверен соработник, чијашто присност служи за величав пример во другарувањето меѓу луѓето.

Во тој знаменит и елоквентен говор, што го одржа Фридрих Енгелс пред сто години, беше истакнато вистинитото, топло признание, неизмерниот восхит на сето човештво кон големото Марксово дело.

Тогаш, Фридрих Енгелс највизионерски ја определи големината на Марксовиот придонес за социјализмот, за целокупното работничко движење.

Маркс го запиша своето место во историјата со многу важните откритија за развитокот на човечката историја, во значајното објаснување за односот помеѓу капиталот и трудот.

Карл Маркс беше човек на науката. Но, таа наука беше револуционерна. Сепак, таа не беше главната негова дејност. Неговото најсакано и најборбено гесло беше да се работи за човештвото. Затоа, Карл Маркс беше и револуционер. Тоа беше Маркс. Зошто се бореше со страст, со упорност, со величенствен устрем за делото на пролетаријатот. Тука и се состоеше неговата единствена цел: да работи за победата на работничката класа, за нејзината историска мисија кон патот да го воспостави комунизмот.

Денес, од перспективата на нашево совремие, можеме посуверено да го определиме значењето и придонесот на сето она грандиозно, што оваа грандиозна личност го остави на човештвото.

Пред сè, големото значење на Марксово учење и на Марксовото големо дело се состои во тоа, што најде потврда во историската практика на светот почнувајќи од предвестувањето на револуцијата во 1848 година, на што „Манифестот“ служеше како буревесник и како проверка на овие револуционерни настани, потоа во еклатантна потврда во „Интернационалата“ во создавањето на Париската комуна и во оживотворувањето во Големата Октомвриска социјалистичка револуција.

Маркс ја зрачеше современата епоха. Марксовото учење служеше како вдахновение, како борбено знаме и патоказ во епохата на социјалистичките револуции — за да се исполни неговата сила и во победоносната југословенска Народна и социјалистичка револуција, во југословенскиот самоуправен социјализам.

Комунистичката партија, Сојузот на комунистите на Југославија, предводени од Јосип Броз Тито, првенецот на југословенската Народна и социјалистичка револуција, храбро, смело и достоинствено го носеше Марксовото знаме, неговите високи пораки, реализирајќи ги низ историските револуционерни пресвртници на: 1937, 1941, 1948, 1950, 1961.

Тоа е крупен, епохален чин, кој ги премина рамките на југословенската пространа историја. Тоа е својствен, превосходно автентичен придонес. Во него е вложен и вековитиот долг за поубавата утрешнина на човештвото, на народите, на работните луѓе од целиот свет. Историската заслуга за оваа револуционерна доследност се паѓа на Јосип Броз Тито, заштото, со Марксовото и Лениновото вдахновение Титовата мисла чекори кон иднината.

Големото, позитивно и револуционерно Марксово наследство, во оваа Марксова година, го одбележуваме во екот на севкупната раздвиженост на југословенската социјалистичка

самоуправна заедница. Ова е времето кога ги бележиме крупните историски достигнувања на Титовата епоха. Тоа се и нашите светли јубилеи: 40-годишнината од основањето на Комунистичката партија на Македонија и формирањето на нејзиниот Централен комитет. Формирањето на овој револуционерен организам преставува единствен пример во современата светска и европска историја. Оформен во екот на Народната револуција ова револуционерно достигнување преставува историски чин во големата Титова политика за поттикнување и развој на револуцијата во Македонија.

Оваа јубилејна година се совпаѓа и со 40-годишнината од Второто заседание на АВНОЈ, првиот југословенски Парламент, кој со своите живи и актуелни пораки ја навести светлата иднина на југословенските народи и народности.

Оваа јубилејна година ги бележиме и крупните револуционерни придобивки во македонската историја, што настанаа и со појавата на Гоце Делчев, кој се вдахновувал од Марксовото учење и ја внел револуционерно-демократската концепција во македонското национално-ослободително движење. Ја бележиме осумдесетгодишнината од Илинденското востание, од величествената Крушевска Република, првата Република на Балканот, прототипот на Париската комуна, што претставува суштествен и содржаен чин во богатото револуционерно наследство.

Сето тоа е своевидна доследност и кон Титовиот револуционерен пат, кон борбата за самоуправување, за приврзаност кон борбата за мир, за јакнење политиката на неврзаност, зашто сегашниот самит прави историски чекори и ја прокламира совеста на човештвото.

Овој наш научен собир, кој го надоврзуваме на досегашните вакви собири за корифеите на научниот социјализам, на марксизмот и на самоуправниот социјализам, потребно е во овие Марксови студиски денови, во оваа Марксова година, да означи уште потворечко оживување на Марксовата мисла, на Марксовото теоретско и револуционерно дело.

Нашиве расправи треба да придонесат уште подлабоко и поподлабочено да ги разработиме актуелните прашања на марксистичката теорија и на нашата социјалистичко-самоуправна практика, на теоретските и на идеолошко-политичките проблеми на нашиов современ свет. Тоа треба, всушност, да биде актуализирање на Марксовото учење, за проширување на марксистичките хоризонти, за натамошен придонес кон изучувањето и збогатувањето на грандиозното Марксово дело, кое има научно, идејно-политичко и наставно-воспитно значење.

КАРЛ МАРКС со своето теоретско и револуционерно дело, со својата жива, актуелна реч, стои како гранитен столб. Богато и неизмерно е неговото учење и револуционерно дело. Тоа изврши и извршува постојано и непрестајно воздејство врз светската историја. Неговото светло име ја зрачи иднината.

Да заклучиме:

ВО ИСТОРИЈАТА НА СТОЛЕТИЈАТА Е МАРКСОВАТА ИЗВОНРЕДНА ПРОМЕТЕЈСКА ХРАБРОСТ.